# Како користите енергија во вашиот дом

## Просечен дом во Нов Јужен Велс користи енергија вака




NSW GOVERNMENT

**Совети за користење помалку енергија**

# Совети за користење помалку енергија дома и штедење пари

## Правете го ова секој ден

Исклучувајте ги апаратите што не ги користите.

Машината за миење садови и машината за перење вклучувајте ги кога се полни.

Потрудете се да не се туширате подолго од 4 минути.

Алиштата перете ги во студена вода и сушете ги надвор.

Наместете ги фрижидерите на 3°C до 4°C и замрзнувачите меѓу -15°C и -18°C.

## Правете го ова лете

Користете вентилатор (fan) пред да го вклучите клима уредот (air conditioning). Наместете го вентилаторот да врти спротивно од стрелките на часовникот.

Наместете го клима уредот на 23°C до 26°C.

Пуштете студен воздух да влегува ноќе. Отворете ги прозорците, завесите и ролетните (blinds).

Спречете топол воздух да влегува дење. Затворете ги прозорците, завесите и ролетните (blinds).

Ладете ја само собата што ја користите. Затворајте ги вратите и спречувајте провев (drafts).

## Правете го ова зиме

Движете го топлиот воздух низ вашиот дом. Наместете го плафонскиот вентилатор да врти во насока на стрелките на часовникот.

Наместете го греењето на 18°C до 21°C.

Ноќе топлината затворајте ја внатре. Затворајте ги вратите, прозорците, завесите и ролетните.

Пуштајте зимско сонце да влегува внатре. Отворајте ги завесите и ролетните.

Затоплувајте ги само собите што ги користите. Затворајте ги вратите и спречувајте провев.

NSW GOVERNMENT

Повеќе совети за штедење енергија најдете на **energy.nsw.gov.au/save-power**